Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ |
| Седиште | УЛ. ПОКРИЕНА ЧАРШИЈА БР. 66, 1000 СКОПЈЕ |
| Контакт информации | 02 3066779<br>INFO@FLU.UKIM.EDU.MK |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | ПРОФ. Д-Р СЛАВИЦА ЈАНЕШЛИЕВА, ДЕКАН<br>078454113<br>DEKAN@FLU.UKIM.EDU.MK |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | / |
| Основ за надворешната евалуација | o Годишен план<br>o Барање на високообразовната установа<br>o Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>o Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2022-2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА, ОДЛУКА БР. 02-175/5 ОД 6.10.2022 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата (потпис)

Скопје, 15.07.2024

Пдф. Прва страна со потпис и печат

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Факултет за ликовни уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| Седиште | Ул. Покриена Чаршија бр. 66, 1000 Скопје |
| Веб страница | www.flu.ukim.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Како високообразна институција од областа на ликовните/визуелните уметности, ФЛУ има мисија да образува високостручни професионални кадри потребни во сите области на современата ликовна/визуелна уметност, култура, образование, наука и истражувачка дејност, културно наследство, визуелни комуникации, мода (и други сродни области со основната) во Република Северна Македонија.<br>Визијата на ФЛУ е:<br>-успешна и современо организирана високообразовна, уметничка и научно/уметничка-истражувачка институција со висок углед на домашно и меѓународно ниво,<br>-наставен и соработнички кадар составен од најреномираните ликовни/визуелни уметници од соодветните области,<br>-материјално-технички и современо опремен факултет,<br>-просторно обединет факултет,<br>-лидер во современото образование и културата од областа на ликовните и визуелните уметности во државата,<br>-факултет со успешни партнерства со сродни институции на полето на меѓународна соработка, проекти и активности. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна<br>Матичен број: 6462685<br>Шифра на дејност: 85,42 високо образование |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:<br>**Решение за почеток со работа (прв циклус):**<br>Сликарство и трансмедиумски практики бр.08-693/4 од 19.07.2022<br>Скулптура и трансмедиумски практики бр. 08-755/4 од 12.08.2022<br>Ликовна педагогија бр. 08-756/4 од 12.08.2022<br>Графика и трансмедиумски практики бр. 08-1122/4 од 17.11.2022<br>**Решение за почеток со работа (втор циклус)**:<br>Сликарство бр. 08-904/4 од 14.06.2023<br>Графика бр. 08-905/4 од 14.06.2023<br>Скулптура бр. 08-906 од 14.06.2023<br><br>**Акредитација на Студиски програми на прв циклус на студии**<br>-Сликарство и трансмедиумски практики 08-693/4 од 19.07.2022<br>-Скулптура и трансмедиумски практики 08-173/6 од 25.07.2022<br>-Ликовна педагогија 08-174/6 од 25.07.2022<br>-Графика и трансмедиумски практики 08-172/4 од 03.11.2022<br>**Акредитација на Студиски програми на втор циклус на студии**<br>-Скулптура 08-23/4 од 22.05.2023<br>-Сликарство 08-24/4 од 22.05.2023<br>-Графика 08-25/4 од 22.05.2023<br><br>Студиски програми на трет циклус на студии<br>НЕМА |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | **19**<br>-12 редовни професори<br>-2 вонредни професори |

| | |
|---|---|
| | -4 доценти<br>-1 асистент |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Прв циклус 140 студенти<br>Втор циклус 13 студенти |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Факултетот за ликовни уметности – Скопје е првиот уметнички факултет и наставно-научна/уметничка институција од областа на ликовните уметности во Република Македонија на кој се изведуваат универзитетски студии од прв и втор циклус од областа на ликовните уметности, ликовната педагогија, како и применетите уметности, дизајнот, визуелната култура и други области коишто се во врска со основната дејност.<br>Како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во своето 44-годишно работење, следејќи ги општествените потреби, и светските достигања во сферата на уметноста и културата, ФЛУ досега помина низ повеќе развојни фази во студиските програми, во кадровскиот и просторниот потенцијал.<br>Факултетот за ликовни уметности дава голем придонес во збогатувањето на ликовното творештво и во афирмацијата на ликовната култура во земјата и надвор од неа. Генерации ликовни творци (сликари, вајари, графичари) и ликовни педагози што тука ја стекнаа својата едукација се движечка сила и богат потенцијал на образовното, уметничкото и културното творештво.<br>Факултетот за ликовни уметности спаѓа во групата на младите факултети на УКИМ. Основан на 31 март 1980 година со одлука на Собранието на поранешната Општа заедница за насочено образование на Социјалистичка Република Македонија. Од формирањето на Факултетот до денес, наставата по матичните стручни предмети ја изведуваат најеминентните ликовни уметници во државата. Наставата тогаш ја изведуваат шест наставници на три оддели. Според податоците наведени во монографијата за ФЛУ од 2010 година, наставниот кадар се зголемува до деветнаесет наставници. Иако студиските програми се прошируваат и надополнуваат бројката на наставен и соработнички кадар, од 2010 до 2024 година, останува иста или се намалува. Моменталната состојба на вработен наставен и соработнички кадар е: 18 наставници и 1 асистент. Стручни соработници во 2010 година има 3, а во 2024 година нема ниту еден. ФЛУ континуирано бара повторно отворање на затворените (од разни причини) работни места, како и отворање на нови, за да може поквалитетно и поконцентрирано да ги исполнува своите цели, мисија и визија.<br>Наставата по наставните содржини од одредени теоретски области и дел од изборните предмети ја реализираат наставници од други единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и наставници - афирмирани стручни кадри/професионалци од стопанството, културата и уметноста, вклучени во насочениот дел од наставата.<br>Наставно-научниот и соработничкиот кадар работи на своето стручно и научно-уметничко усовршување преку перманентна присутност на домашни и меѓународни ликовни манифестации и со стекнување високи признанија, трансфер на знаења, искуства и практики.<br>Во 1980 година е усвоен првиот наставен план за четиригодишни студии организирани за одделите Сликарство, Вајарство и Графика. Се изведува и настава по графички дизајн, модно креирање со текстил, костимографија, конзервација и реставрација, керамички дизајн, рачна изработка на хартија, |

| | |
|---|---|
| | сценографија и анимиран филм.<br>Во 1986/87година е формиран и четвртиот оддел - Педагошки оддел.<br>Во 2000 година Факултетот за ликовни уметности врши измени и дополнувања на наставниот план и наставните програми и воведува нова структура на модели и стандарди кои обезбедуваат отворена, флексибилна и ефикасна едукација на стручните профили со меѓународна компатибилност и признавање на дипломите. Во 2002 година постојните студиски програми се дополнуваат и се воведуваат вежби по стручно-уметничките предмети, заради сообразување со стандардите на светските факултети и академии од областа на ликовните уметности.<br>Од академската 2005/6 година, според новите правила на студирање и воведувањето на европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), се подготвуваат нови студиски програми и одделите се преименуваат во катедри.<br>Во моментов функционираат четири катедри: Катедра за сликарство и трансмедиумски практики, Катедра за графика и трансмедиумски практики, Катедра за скулптура и трансмедиумски практики и Катедра за ликовна педагогија.<br>Сите нови студиски програми на ФЛУ имаат за цел да ги надминат претходните наставни програми и да ги следат современите текови, техники и технологии од областа, во согласност со времето. Последната акредитација на студиски програми од прв циклус студии е добиена во 2022 година.<br>Во 1996 година започнуваат постдипломските студии од областите сликарство, вајарство и графика, со цел да се насочат студентите кон повисоки креативни стандарди и кон профилирање на нивните индивидуални дискурси. Од академската 2007/08 година, студиите од втор циклус се организираат според ЕКТС насоките. Студиските програми за втор циклус студии континуирано ги следат тенденциите на сродните институции во светот како и потребите од стручен кадар на општеството. Последната акредитација на студиски програми од втор циклус студии е добиена во 2023 година, за областите Сликарство, Скулптура и Графика. За постдипломските студии, акредитирани 2011/12 година, од областа на Конзервација и реставрација, не е поднесено барање за реакредитација заради недостаток на вработен наставен и соработнички кадар, како и несоодветни и недоволни просторни и лабораториски капацитети.<br>Факултетот за ликовни уметности наставата ја реализира во три различно лоцирани објекти: од 1983 година во културно-историскиот споменик Сули-ан (општина Чаир), од 1986 година во дел од зградата Педагошка и од крајот на 90-те во бараките наречени Скулпторски ателјеа (општина Карпош).<br>Видлив и значаен дел од наставниот процес на факултетот е изложбената активност. Покрај редовните Годишни завршни изложби (во сите ателјеа и галерии на ФЛУ) кои го одбележуваат крајот на академската година, од 1988 година се одржуваат студентските изложби „Мал формат“ и наградната „Изложба на студентска графика „Драгутин Аврамовски - Гуте““. Од 1995 година се доделува наградата за сликарство „Борко Лазески“. Нешто подоцна се основаат и изложбите „Четири мајстори на модернизмот“ и „Петар Хаџи - Бошков“. Покрај наведените редовни изложби, факултетот овозможува низа на изложбени активности за своите студенти низ разни соработки и проекти, а |

| | |
|---|---|
| | особено внимание посветува на изложбите кои ја поттикнуваат меѓународната активност и вмрежување. Особено сме горди на двете галерии: „Галерија ФЛУ“ во објектот Педагошка и „Галерија Драгутин Аврамовски - Гуте“ во објектот Сули ан кои ни овозможуваат непречена изложбена активност не само на нашите активности, туку и за гостувачки изложби од наши автори како и автори од странство.<br>Меѓународната соработка и вмрежување континуирано се негуваат. Бројни се меѓународните активности на ФЛУ со сродни институции во блиската околина, Европа и светот. Изложбените активности, покрај проектите и предавањата, дополнително ја овозможуваат меѓународната соработка и ефикасен начин на размена на искуства и знаења. Активни се Еразмус + билатерални договори и реализирани мобилности. Еден од приоритетите на ФЛУ е проактивно вклучување во проекти кои за продлабочување на меѓународна соработка ќе овозможат користење на европски и други странски фондови. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Клучните институционални капацитети на Факултетот за ликовни уметности се:<br>-**Креативност и иновативност**: Развивање на креативноста и вештините на студентите, поттикнување на љубопитноста во уметничкото истражување и професионалната надградба; подготвеност да се применуваат и пронаоѓаат нови технички и технолошки достигнувања со цел визуелно изразување на идеи и концепти. Студиските програми на двата циклуси се креативни, современи и компатибилни со програмите од слични високообрзовни институции во светот.<br>-**Посветеност**: Факултетот за ликовни уметности од основањето е посветен на негувањето на ликовното творештво и образование, односно оформувањето на генерации ликовни/визуелни творци кои се и ќе бидат запишани во историјата на македонското визуелно творештво, а со тоа се дел од македонската култура на 20. и 21. век. Видливоста на исклучителната изложбена активност на студентите на ФЛУ е доказ.<br>-**Академска слобода**: Обврска на наставниците/соработниците преку наставата на ФЛУ да едуцираат креативци кои критички и самостојно размислуваат, кои можат да ги образложат и визуелно претставаат своите размислувања, ставови и гледишта во врска со културни, општествени и социјални појави.<br>-**Еднакви можности**: Факултетот за ликовни уметности е силно посветен во еднаквите можности за сите, без разлика на припадност, определба или статус. Заради специфичната настава со мали групи студенти, во можност сме индивидуално да пристапиме кон интересите и потребите на секој/а студент/ка, соодветно насочувајќи ги за максимално искористување на личните потенцијали и можности.<br>-**Мултидисциплинарност**: Уметноста е мултидисциплинарна, а тоа нуди низа на можности за соработка. Отвореност за соработка и солидарност, таков е пристапот на ФЛУ кон студентите, колегите, соработниците поединци и институции.<br>-**Наставен кадар**: Наставниот кадар го сочинуваат дел од најреномираните уметници во државата, континуирано активни на домашната и меѓународната уметничка сцена. Наставен кадар кој |

| | |
|---|---|
| | континуирано го следи развојот на областа и ја имплементира во образовниот процес, постојано достапен за консултации со студентите и високо оценет на студентските анкети. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | **-2. Креирање, одобрување и следење на студиските програми**<br>2.2.- Во 2022 година ФЛУ доби акредитација за четири студиски програми за прв циклус студии кои внесоа значајни промени во однос на претходните студиски програми. Во предвид беа земени согледувањата/анализите од претходните самоевалуации со анкетни прашалници, креирани согласно спецификите на факултетот. Земени беа во предвид и согледувањата на наставниот кадар во однос на: современото ликовно/визуелно творештво, интересите на студентите, новите практики и стекнувањето на различни знаења и вештини со цел полесен пристап кон можностите за вработување. Конслултирани беа и сродни институции од други држави за компатибилност на програмите.<br>**-3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентот**<br>3.3. - Начинот на кој се пристапува во наставата по стручно-уметничките предмети нужно е да биде индивидуален и насочен кон интересите на студентот/студентката. Поради ова наставниците го прилагодуваат пристапот кон интересите на секој студент поединечно, тежнеејќи што подобро да ги развијат нивните компетенции, знаења и вештини. Изложбените активности на ФЛУ се можност за работење на проекти, кои покрај основните наставни содржини, се нужен дел од наставата по стручно-уметничките предмети,.<br>**-4. Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати**<br>4.1. ФЛУ направи напори за поголема видливост на прописите кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.<br>**-5. Наставен кадар**<br>5.1. и 5.2. Наставниот и соработничкиот кадар на ФЛУ е компетентен и бележи плодна уметничко-научна истражувачка работа и изложбена национална и меѓународна активност со што придонесуваат во развојот на квалитетни студии и пренесување на професионални искуства; наставниот кадар учествува во проекти и добива високи оценки на студентските анкети.<br>**-6. Ресурси за учење и поддршка на студентите**<br>6.4., 6.5., 6.7 и 6.8.. ФЛУ го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. Активниот ангажман на студентите е видливо преку јавните презентации – изложбени активности и студентското списание. Студентите активно учествуваат на состаноците на ННУС и ДУ и даваат свој придонес, а ФЛУ континуирано ги поддржува сите студентски активности од областа на уметноста, културата и јавната свест. Студентите активно учествуваат во видливоста на ФЛУ на социјалните мрежи и меѓусебно ги споделуваат услугите и можностите кои им се на располагање.<br>**-8. Информирање на јавноста**<br>8.1. ФЛУ редовно ги објавува своите активности и информации за студиските програми. Информациитте се достапни и на социјалните мрежи, а заради придонесот на културниот живот во државата ФЛУ е редовно присутен со објави и во печатените медиуми. Сите информации се корисни за тековните студенти, за идните студенти, но и за поранешните како и целата јавност која |

| | |
|---|---|
| | ги следи изложбените активности на ФЛУ во галериските и јавните простори.<br>**-9. Меѓународна соработка и интернационализација**<br>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.<br>9.4. ФЛУ ја зајакнува и проширува соработката со други институции во земјата и странство. Соработува на заеднички изложбени активности, семинари, работилници, предавања, и фокусирано работи на реализација на можностите за заедничи студиски програми. Резултатите од овие соработки се корисни не само за студиските програми, туку особено се значајни за развивање на меѓународната студентска уметничка мрежа. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Предизвици:<br>1. Обезбедување на финансиски средства за подобрување на просторните услови за студирање и работа. Набавување на современа опрема за специфичните лаборатории/ателјеа.<br>2. Обезбедување на можности за вработување на наставен, соработнички кадар (асистенти), стручни работници, административен кадар и техничко помошен кадар. Намалување на трошоците за хонорарни вработувања со цел тие финансии да бидат искористени за материјали и опрема за настава.<br>3. Дигитализација, возможна само со можности за набавување на неопходна дигитална/компјутерска опрема за студенти и наставен кадар и набавка на соодветни лиценцирани компјутерски програми.<br>4. Видливост, препознавање и вреднување на уметничките истражувања и активности на еднакво ниво како и научните истражувања и активности и начини за нивно соодветно финансирање.<br>5. Привлекување на странски студенти.<br>6. Обезбедување на финансиски средства за предавачи гости од странство или визитинг професори, односно искористување на постоечки билатерални договори и активно меѓународно вмрежување со сродни факултети, академии, универзитети.<br>7. Студиска програма за Докторски студии.<br>8. Систем на прибирање на алумни податоци.<br>9. Обезбедување на апликативни можности на факултетот за подобра финансиска самоодржливост.<br>10. Обединување на Факултетот во еден објект, наместо во три објекти на две различни локации.<br><br>Недостатоци:<br>1. Недостаток од наставен, соработнички, стручен, административен и техничко помошен кадар, односно тешкотии при добивање согласност за вработување од соодветните министерства.<br>2. Застарени објекти (градежно, струја, вода, санитарии/канализација, пристапност), лаборатории/ателјеа.<br>3. Застарена опрема (специфични машини, алати, алатки, штафелаи, маси за цртање и сл.) за реализација на настава.<br>4. Кабинети на наставен и соработнички кадар без соодветен мебел и дигитална/компјутерска опрема. |

| | |
|---|---|
| | 5. Поделеност на наставата во три објекти, на две оддалечени локации и на тој начин нередовна комуникација меѓу студентите на различни студиски програми и наставниот, соработничкиот, административниот и помошниот кадар на факултетот. |

2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |
| Факултетот за ликовни уметности континуирано спроведува активности за подобрување на квалитетот на наставата преку: проверка на квалитетот на студиските програми и континуирано следење и проверка на поставените цели и структурата на студиските групи; следење и контрола на работното оптоварување на студентите; континуирано следење на препораките и современите трендови, како во Европа, така и во светот, од страна на наставно-научниот уметнички и соработничкиот кадар на факултетот; набавка на соодветна литература и опрема за изведување на практичната и теоретската настава; редовно и соодветно информирање на студентите; вклучување на студентите во активностите на факултетот (управување и одлучување, самоевалуација, научноуметнички проекти, изложбени активности, итн.); интерактивни и партиципативни форми на настава; континуирана меѓународна соработка и мобилност; како и сите останати активности согласно законските рамки и согласно Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Р.С. Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2013).<br>Прашањата поврзани со обезбедувањето на квалитетот во високото образование и на УКИМ се регулирани со следниве акти:<br>- Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021);<br>- Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/2022);<br>- Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019);<br>- Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024);<br>- Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029);<br>- Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр.674/2024);<br>- Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>Постапката за анализа и оценка на квалитетот на наставата се спроведува во согласност националните законски акти (Закон за високото образование на Република Македонија, Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар на Република Македонија, Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовани установи и за вршење високообразовна дејност), како и стандардите за институционална евалуација на Европската асоцијација на универзитети (ЕУА). Од учебната 2023/24 започна соспроведување на самоеваулација според Водичот за обезбедување на квалитет на УКИМ. | |
| 1.1.А. Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Службен весник бр.67/2013)<br>1.1.Б. Линк до објава на веб страна ФЛУ<br>1.1.В https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/ZVO-NOV%20Sl.vesnik%20br.%2082%20od%208.5.2018.pdf<br>1.1.Г https://www.akvo.mk/docs/Pravilnik_nadvoresna_evalucija.pdf<br>1.1.Д https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf | |

1.1.Ѓ [http://flu.ukim.edu.mk/documents/fludok/20240304_Glasnik%20674_pravilnik-za-obezbeduva%D1%9Ae-kvalitet-na-UKIM.pdf](http://flu.ukim.edu.mk/documents/fludok/20240304_Glasnik%20674_pravilnik-za-obezbeduva%D1%9Ae-kvalitet-na-UKIM.pdf)
1.1.Е [https://ukim-test.feit.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/strategija-za-kvalitet-2024.pdf](https://ukim-test.feit.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/07/strategija-za-kvalitet-2024.pdf)
1.1.Ж [https://pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/05/glasnik-682.pdf](https://pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/05/glasnik-682.pdf)
1.1.З [https://pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/05/glasnik-682.pdf](https://pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/05/glasnik-682.pdf)

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Воспоставувањето на процедури во обезбедувањето и контролата на квалитетот на наставнообразовната дејност е континуирана активност и ја организира и спроведува Комисија за самоевалуација формирана од страна на Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" и Факултетот за ликовни уметности. Согласно Статутот на УКИМ, самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 (три) години. Самоевалуациониот процес се врши врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, донесено од Универзитетскиот сенат (9 седница/30.04.2013). Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, која се спроведува во втората половина од семестарот односно учебната година, за секој предмет одделно. Прашалникот со кое се прибираат оценките за потребите на самоевалуацијата е во стандардизирана форма за целиот универзитет, со цел да се овозможат идни споредби меѓу единиците.

Факултетот за ликовни уметности има свои специфики и со искуството кое го стекнавме од 2010/11 сметаме дека најрелевантни и објективни информации даде електронски спроведената анкета од 2018/19 година. Овие прашалници ги ставаме во прилог.

Во учебната 2023/2024 анкетата електронски се спроведе во периодот од 13 до 30 Јуни за зимскиот и летниот семестар. Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше повеќе од 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа по 15 прашања за студентите, наставниот и ненаставниот кадар кои ги подготви Комисијата за евалуација на Универзитетот. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација ќе биде усвоен на Наставно – научниот и уметнички совет по спроведувањето на самоеваулацијата за 2023/2024 по препораките на Советот за квалитет на ФЛУ.

ВО ОВОЈ ДЕЛ СОВЕТОТ ЗА КВАЛИТЕТ ТРЕБА ДА НАПИШЕ ЗАКЛУЧОК. Насока од советот за самоевалуација од УКИМ.

**Прилози**
1.2.А. Извештај од спроведена анкета на студенти (летен семестар 2023/2024)
1.2.Б. Извештај од спроведена анкета на студенти (зимски семестар 2023/2024)
1.2.В. Пример анкетен лист бр. 1 од Самоевалуација 2018/19
1.2.Г. Пример анкетен лист бр. 2 од Самоевалуација 2018/19
1.2.Д. Пример анкетен лист бр. 3 од Самоевалуација 2018/19
1.2.Ѓ. Пример анкетен лист бр. 4 од Самоевалуација 2018/19

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Факултетот за ликовни уметности уште од минатото бележи активно учество во општествените текови од областа на културата. Студентите од Факултетот за ликовни уметности земаат учество на значајни национални и меѓународни ликовни изложби, како што е редовното учество на Биенале на младите во НУ Музејот на современата уметност во Скопје, изложбата на студенти од трета и четврта година во Националната галерија на Македонија/објект Чифте амам, на Меѓународното биенале СИАБ [Student International Art Biennial] - на кое учествуваат студенти и постдипломци од речиси сите континенти, а со формирањето на „Галерија ФЛУ" биеналето се одржува на самиот факултет, како и учество на една од најреномираните меѓународни студентски изложби во регионот, Трансформ, на која ФЛУ учествува неколку години station наназад. Освен соработките во рамки на изложбената дејност, установата има активна соработка со Општина Карпош, Музејот за современа уметност, Ист гејт мол, Универзитетска библиотека, НУ Стоби и др.
Во текот на учебната 2023/24 година, студентите од сите студиски програми на Факултетот за ликовни уметности - Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги изведоа следните активности:

- По наставниот предмет Реставрација и Конзервација IV, под водство на доц. м-р. Марија Сотировска Богдановска имаа три дневна теренска практична настава во НУ археолошкиот локалитет Стоби-Градско. Предавањата и теренската практичната настава за документација и превентивна конзервација на мозаик ја менторираше стручњак од праксата конзерватор м-р Томе Филов. Студентите се запознаа со историјата и местоположбата на целокупниот локалитет од страна на кустос и имаа можност да се запознаат со состојбата на in situ мозаиците. Мозаикот кој беше предмет на нивната практична настава е дел од нартексот на Епископската Базилика и датира од втората половина на V век. http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-651
- Студентите од прв и втор циклус на Студиската програма по Сликарство и трансмедиумски практики на Факултет за ликовни уметности – Скопје, од 8 ми до 14 ти март 2024 година, имаа практична настава сликање на Мурал „Зачувување на биодиверзитетот" на фасадата на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем". http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-650
- Летна школа 2023, Факултетот за ликовни уметности го најави долгорочниот проект NEW ART FOR(U)M кој е замислен како традиционална летна школа за експериментални уметнички практики изведена надвор од факултетските ателјеа. Темата на сесија#1 беше „Among nature and activism". Истражувањата и работилниците изведени на школата реферираат кон проширување на практични сознанија и искуствата на студентите за Land & Environmental уметноста, односно во концепирањето на вонатељерски ликовен контекст близок до жанрот на инсталацијата а тесно поврзан со пејсажот. Улогата на локацијата, екстериерот, екогеографијата, геологијата, климата, флората, светлината итн. како појдовна точка и нивната референтност во осмислувањето на просторно или концептуално дело или проект. Локација: Лазарополе, Општина Маврово и Ростуша. Термин: 31.08-06.09.2023

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=691729487496848 1&set=pcb.6917295041635131

  https://www.facebook.com/media/set/?vanity=61552985376215&set=a.122152429064099512

- На 18.04.2024 на Филолошкиот факултет се одржа настанот: „Скриени дела и спомени – откривање", реализиран од дел од студентите од сите четири студиски години на Факултетот за ликовни уметности – ФЛУ, Скопје. Тие ги презентираа своите излагања пред публиката и пред ликовните дела создадени од неколку македонски автори, со компаративна анализа и опфат на историскиот контекст на настанување на репликите кои се наоѓаат во аулата и коридорите на Филолошкиот и Филозофскиот факултет. Студијата „Скриени дела и спомени – откривање", како процес на мапирање и евалуација, има за цел да ја подигне свеста кај релевантните институции за зачувување на делата оставени на времената корозија. Концептот е реализиран под менторство на доц. д-р Натали Рајчиновска Павлеска и доц. м-р Велимир Жерновски од Факултетот за ликовни уметности – ФЛУ, во тимска соработка со достапните капацитети од Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје. Проектот е реализиран во рамки на Студентска уметничка пролет, поддржан од Europe House. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, Europe House Skopje

  https://www.facebook.com/photo?fbid=937923328119425&set=pcb.937924738119284

**Прилози**
1.3.А. Соработка НУ за управување со локалитетот Стоби 2023
1.3.Б. Соработка со Национална и Универзитетска библиотека 2024
1.3.В. Меморандум за соработка Еаст Гате Малл 2023

1.3.Г http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-650
1.3.Д http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-651
1.3.Ѓ https://www.facebook.com/photo/?fbid=6917294874968481&set=pcb.6917295041635131
1.3.Е https://www.facebook.com/media/set/?vanity=61552985376215&set=a.122152429064099512
1.3.Ж https://www.facebook.com/photo?fbid=937923328119425&set=pcb.937924738119284

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Установата има формирано тело „Совет за квалитет на Факултетот за ликовни уметности“ во состав: проф. м-р Ладислав Цветковски, проф. м-р Роберт Јанкулоски, доц. д-р Натали Рајчиновска Павлеска, Сашка Костова Длака, дипл. Ек. Од Инпут ДООЕЛ – Скопје и Ана Димитриевска – студент.

**Прилози**
1.4.А. Одлука за формирање на Советот за квалитет на ФЛУ
1.4.Б. Самоевалуација\Самоевалуација\1.4.Б Записник од 1 седница на СК.jpg
1.4.В. Самоевалуација\Самоевалуација\1.4.В Записник од 2 седница на СК.jpg

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Установата редовно спроведува самоеваулација на три години. Последните пет години има спроведено самоевалуација за учебната 2018/2019 год. и 2021/2022год.
Акцискиот план за имплементација, заклучоците и препораките од самоеваулацијата ќе се донесе по спроведувањето на оваа самоевалуација.

**Прилози**
1.5.А. Извештај од самоеваулација 2019
1.5.Б. Извештај од самоеваулација 2022
1.5.В. линк: http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-461

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Воспоставувањето на процедури во обезбедувањето и контролата на квалитетот на наставнообразовната дејност е континуирана активност и ја организира и спроведува Комисија за самоевалуација формирана од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Комисијата за самоеваулација на ФЛУ и Советот за квалитет на Факултетот за ликовни уметности. Стратегискиот и Акцискиот план на УКИМ кои имаат за цел да ги корегираат забелешките од извештајот од последната надворешна евалуација на УКИМ се дел и од активностите кои ги превзема ФЛУ: подобрување на атрактивноста на студиските програми и пораст на бројот на запишани студенти, отпочнување на процеси за меѓународна акредитација, зајакнување на воннаставните активности и можностите за студентите, поттикнување на уметничките истражувачки активности, зајакнување на постоечки и проширување на меѓународни соработки, капитални инвестиции за подобрување на услови за студирање и работа и сл. Нов акциски план за активности ќе се применува од следната учебна година по завршувањето на оваа самоеваулација.

[1] Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| **Прилози**<br>1.6.А. Извештај за надворешна еваулација на УКИМ 2017<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/NE-2018-UKIM-EN.pdf<br>1.6.Б. линк Акционен план УКИМ 2024-2029<br>1.6.В. линк Извештаи од самоевалуации ФЛУ<br>FLU-20232024_Izvestaj_dekan |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Факултетот за ликовни уметности за изработка на студиските програми има формирано Комисија за настава која постапува според Упатствата на УКИМ, ЗВО, како и правилникот за студирање на ФЛУ. | |
| **Прилози**<br>2.1.А. Упатство за Елаборат на прв циклус на студии-УКИМ<br>2.1.Б. Упатство за Елаборат на втор циклус на студии-УКИМ<br>2.1.В. Правила за студирање за прв ивтор циклус студии.pdf | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиски програми на ФЛУ ги следат современите трендови и се насочени за непречен развој во постигнување на применливи резултати од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес и овозможуваат на студентите да се стекнат со академско знаење и вештини како резултати влијаат врз нивниот личен развој и можат да бидат применети во нивните професионални кариери. Како обединувачка практика која е дел од стратегијата на ФЛУ е применливоста на современите трансмедиумските пракси и искуства кои се прикажани преку следните конкретни примери:<br>• Летна школа 2023, Факултетот за ликовни уметности го најави долгорочниот проект NEW ART FOR(U)M кој е замислен како традиционална летна школа за експериментални уметнички практики изведена надвор од факултетските ателјеа. Локација: Лазарополе, Општина Маврово и Ростуша. Термин: 31.08-06.09.2023 https://www.facebook.com/photo/?fbid=691729487496848 1&set=pcb.6917295041635131<br>• Во рамките на галеријата ФЛУ се одржа и изложба од летната школа http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-647<br>• Мастерклас и работилница на познатиот италијански дизајнер на детски играчки, Лука Боскардин. Овој мастерклас се одржа во рамки на манифестацијата „Денови на италијанскиот дизајн“, којашто се отвори на 14 март 2024. Мастеркласот се одржа во организација на Ambasciata d'Italia in Skopje, ITA - Italian Trade Agency - Skopje и FLU Skopje, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | |

https://www.facebook.com/photo?fbid=916681743576917&set=pcb.916687483576343

- Работилница за Експресивна арт терапија на ФЛУ. На работилницата студентите се запознаете со можностите на арт терапијата во креативниот процес и врската помеѓу уметноста и личната благосостојба. Работилницата ја водеше Ана Тодоровска, дипломиран психолог и сертифициран практичар по експресивна арт терапија. Тема: Запознавање со внатрешниот критичар преку ликовна и телесна експресија. 19 март 2024. Галерија ФЛУ (објект Педагошки факултет).

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=915612510350507&set=pcb.915612890350469

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=920006649911093&set=pcb.920019853243106

- Учество на Факултетот за ликовни уметности, Скопје на изложбата Минипринтс Асоло, Венето, Италија. 02.03.2024 Во организација на Sartoria Sociale e Artistica-Asolo, при здружението D-Hub ателјеа, во соработка со Општината на Асоло и под патронат на di Confartigianato Imprese Asolo - Montebelluna на 02.03.2024 се отвори второто издание на Miniprints Asolo – Exchange. Изложбата е посветена на современата уметничка графика. На оваа изложба учество земаа 125 уметници од Италија и светот, меѓу кои една група од Факултетот за ликовни уметности од Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, една група од Академијата за ликовни уметности од Неапол, Италија и група уметници од Кина. Проектот предвидува групна изложба на печатени графички дела и размена на истите меѓу уметниците учесници на изложбата. Цел е препознавање и валоризирање на уметничката графика како ликовно изразно средство вкоренето во современата уметност. Факултетот за ликовни уметности од Скопје, се претстави со делата на студенти од Катедрата за графика и трансмедиумски практики, под менторство на проф. м-р Ладислав Цветковски и ас. м-р Ана Спасова. Студенти-учесници на изложбата: Ана Димитриевска, Благоја Стојаноски, Теона Димитриеска, Габриела Живковска, Павел Николов, Сихана Сејфулаји, Сара Ачкоска, Филип Карилоски, Евгенија Трајковска, Милена Петковска и Стефан Јакимовски.

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=912384357339989&set=pcb.912390430672715

- Работилницата „Харизматични објекти" под водство на Дитер Хамер, германски филозоф и уметник, којашто се одржа на 1 и 3 април во просториите на МСУ и Галеријата ФЛУ.

  На работилницата учесниците добија можност преку практично и теоретско истражување да се запознаат со различни начини на семиотизација на објектите (според концепт, дизајн, најден предмет и сл.) и добија увид во начините на коишто предметите можат да функционираат во уметнички контекст.

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=933307271914364&set=pcb.933311825247242

- На 15.04.2024 на Факултетот за ликовни уметности – ФЛУ, Скопје, се одржа едномесечна работилница под менторство на д-р Натали Рајчиновска Павлеска и дел од студентите по предметот Историја и теорија на ликовната уметност од сите четири студиски години. Проектот опфати документирање, собирање и архивирање на податоци, анализа на пишани материјали, толкување на ликовни дела од фундусот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје. Преку овој процес студентите стекнаа практични вештини на претставување на ликовните дела создадени од неколку македонски автори, вклучително и компаративна анализа со опфат на историскиот контекст на настанување на репликите кои се наоѓаат во аулата и коридорите на Филолошкиот и Филозофскиот факултет. https://www.facebook.com/photo/?fbid=936504181594673&set=pcb.936505118261246

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=872690547993328&set=pcb.872692607993122

**Прилози**
2.2.А. Сликарство и трансмедиумски практики 2022
2.2.Б. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА СЛИКАРСТВО 2017
2.2.В. Скулптура и трансмедиумски практики 2022
2.2.Г. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ВАЈАРСТВО 2017
2.2.Д. Графика и трансмедиумски практики 2022

| | |
|---|---|
| 2.2.Ѓ. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ГРАФИКА 2017<br>2.2.Е. Студиска програма Ликовна педагогија 2022<br>2.2.Ж. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ЛИКОВНА ПЕДАГОГИЈА 2017<br>2.2.З. СТУДИСКА ПРОГРАМА СЛИКАРСТВО. - 2023-II циклус<br>2.2.Ѕ. СТУДИСКА ПРОГРАМА ГРАФИКА- 2023 - II циклус<br>2.2.И. СТУДИСКА ПРОГРАМА СКУЛПТУРА- 2023 - II циклус<br>2.2.Ј. Предметни програми СЛИКАРСТВО И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ-2022<br>2.2.К. Предметни програми СЛИКАРСТВО 2017<br>2.2.Л. Предметни програми СКУЛПТУРА И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ-2022<br>2.2.Љ. Предметни програми Вајарство 2017<br>2.2.М Предметни програми ГРАФИКА И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ – 2022<br>2.2.Н. Предметни програми ГРАФИКА 2017<br>2.2.Њ. Предметни програми ЛИКОВНА ПЕДАГОГИЈА – 2022<br>2.2.О. Предметни програми Ликовна педагогија 2017<br>2.2.П. Предметни програми Сликарство. II циклус 2023<br>2.2.Р. Предметни програми Графика. II циклус. 2023<br>2.2.С Предметни прогами Скулптура. II циклус 2023 | |
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството, но неопходна е посилна вклученост на уметноста во економските процеси и посилна промоција од страна на институциите. Дополнително, неопходна е повидлива, појасно артикулирана вклученост на уметноста во општеството. Недостасува системски план за вклученост на дипломираните студенти (по завршувањето на студиите) во рамки на образовните/општествените/националните/музејските/конзерваторските и други институции, со цел појасна проекција на нивната креативна и општествено полезна иднина која би кореспондирала со економските динамики на нашето општество. | |
| **Прилози**<br>2.3.А. Усогласеност за потребите на општеството на студиски програми од прв циклус 2022<br>2.3.Б. Усогласеност за потребите на општеството на студиски програми од втор циклус 2022 | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми се изработуваат или ревидираат од страна на Комисијата за настава на ФЛУ во соработка со претставници на студентите (ФФС), Одборот за соработка со јавноста кој вклучува претставници од Институциите задолжени за промоција на уметност и претставници на државни органи.<br>Факултетот за ликовни уметности во академската 2023/2024 година нема изработка и ревидирање на студиски програми. | |
| **Прилози**<br>2.4.А. Вклучување на студентите и релевантни носители на интереси во изработка и ревидирање СП<br>2.4.Б. Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на СП<br>2.4.В. Извештај за работата на Комисијата за настава | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми на ФЛУ се усогласени со повеќе странски високообразовни институции, од кои ги издвојуваме: Sveučilište u Zagrebu, Akademija likovnih umjetnosti (ALU), Факултет ликовних уметности у Београду, Academy of Fine Arts in Warsaw, Kunstakademie Duesseldorf, Rome University of Fine Arts (RUFA), Universitatea | |

Nationala de Arte Bucuresti итн.

Студиските програми се формално и структурно усогласени со утврдените стандарди, специфични за акредитацијата и покажуваат усогласеност со европските стандарди во следните постапки: - времетраењето на студиите четири години/ осум семестри за 1 циклус и една година / два семестри за 2 циклус; - добивањето на диплома е усогласено; - начинот на студирање е усогласено или слично.

Не постои листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.

**Прилози**

2.5.А. Предметни програми (со ос. и доп. литература) СЛИКАРСТВО И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ-2022
2.5.Б. Предметни програми (со ос. и доп. литература) Сликарство 2017
2.5.В. Предметни програми (со ос. и доп. литература) СКУЛПТУРА И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ-2022
2.5.Г. Предметни програми (со ос. и доп. литература) Вајарство 2017
2.5.Д. Предметни програми (со ос. и доп. литература) ГРАФИКА И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ – 2022
2.5.Ѓ. Предметни програми(со ос. и доп. литература) ГРАФИКА 2017
2.5.Е. Предметни програми (со ос. и доп. литература) ЛИКОВНА ПЕДАГОГИЈА – 2022
2.5.Ж. Предметни програми (со ос. и доп. литература) Ликовна педагогија 2017
2.5.Ѕ. Предметни програми (со ос. и доп. литература) Сликарство II циклус 2023
2.5.И. Предметни програми (со ос. и доп. литература) Графика II циклус. 2023
2.5.Ј. Предметни програми (со ос. и доп. литература) Скулптура. II циклус 2023
2.5.К. Примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студиските програми јасно го дефинираат очекуваниот работен ангажман на студентите и вклучуваат надворешни активности како (практична работа, обуки, работилници, организирање и учества на уметнички проеки/изложби) со што му се овозможува на студентот активно да се вклучи во креирањето на ликовната сцена во општеството.

**Прилози**

2.6.А Приказ за оптоварувањето на студентите за сите студиски програми на 1 циклус, бројот на часови и ЕКТС
2.6.Б. Приказ за оптоварувањето на студентите за сите студиски програми на 2 циклус, бројот на часови и ЕКТС
2.6.В. Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

Информациите за студиските програми на установата се објавени на веб страната на ФЛУ и кореспондираат со официјалните записи и се објавени на јазикот на кој се изведуваат програмите.

**Прилози**

2.7.А. линк: http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-450

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Факултетот за ликовни уметности ги следи и периодично ги ревидира своите студиски програми со цел тие да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. Активностите кои се планираат или се преземаат ги информираат сите засегнати учесници. Наставниот кадар по завршувањето на семестарот дава извештај за изведена настава, практичната настава и другите активност за секој предмет поединечно. Врз база на извештаите Продеканот за настава на ФЛУ, изготвува Извештај за реализираната настава кој е објавен. Факултетот за ликовни уметности следејќи ги современите трендови во виското образование во областа на ликолните уметности во 2022год. направи темелни ревидирања на студиските програми со што ги прошири и збогати предметните програмите Сликарство, Графика и Скулптура и Ликовна педагогија со додавање на трансмедумските практики. Се воведоа нови задолжителни предмети во областа на дигиталните технологии, ликовната теорија, филозофијата и социологијата на уметноста и културата, фотографија а исто така се воведоа и значителен број на изборни предмети од современите ликовни практики како видео и аудио уметност, графички дизајн, дизајн на веб страни, дизајн на костим и мода, дизајн на опаковки, заштита и реставрација, сценографија, мултимедиумски уметности, инсталација, обликување во простор, истражувачки цртеж, уметнички стратегии во јавен простор, подготовка на портфолио и др. Исто така во 2023 год. се направи ревидирање и програмите за втор циклус на студии Сликарство, Графика и Скулптура со што темелно се променија предметните програми и се воведоа нови задолжителни предмети предмети како: Сликарство и трансмедиумски истражувања, Графика и трансмедиумски истражувања, Скулптура Теории на 20ти и 21ви век, Рецентна уметност и Студии на културата, како и голем пакет на изборни предмети: Видео уметност, Визуелни комуникации, Инсталација, Дигитална геафика, Технологии на нови медиуми, Тело и експеримент, Уметнички стратегии во јавен простор, Интермедијалност, Применети сликарски практики, Портфолио, интерактивна ликовна партиципација, Модели на интерактивна настава и др.

Програмите се објавени на веб страната на факултетот на следниве линкови:

http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-598

http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-451

Подетално се опишани во прилозите.

**Прилози**

2.8.А. Извештај за реализирана настава од 1.02.2023 до 1.02.2024 (продекан за настава)

2.8.Б. Извештај за работата на Комисијата за настава од 16.03.2023 до 01.03.2024

2.8.В. Приказ на ревидирани студиски програми за прв циклус 2022

2.8.Г. Приказ на ревидирани студиски програми за втор циклус 2023

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Факултетот води статистички податоци за бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оценки по предмети преку iknow системот на УКИМ. Во прилозите се наведени податоците.

Со оглед на тоа што Факултетот за ликовни уметности е специфичен факултет со мал број на студенти просечните оценки се релативно високи, а тоа се должи на индивидуалната настава и просекот кој е извлечен од мал број на студенти кој во некои случаи е и еден студент.

На ФЛУ ретки се случаите на напуштање на студиите и во малкуте случаи најчестата причина е иселување од државата.

**Прилози**

2.9А. Статистички податоци за учебната 2023/2024

2.9Б. Просечни оценки по предмети за учебната 2023/2024

2.9В. Причини за напуштање на студии

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Факултетот за ликовна уметност заклучно статутот и правилниците за работа на УКИМ и ФЛУ, во континуитет ја следи работата и активноста на секој студент, во континуитет преку целата година, Како во првиот така и за време на вториот циклус на студии. Менторскиот пристап налага континуирана комуникација и следење на работата, односно наставните и вонннаставните активности.
Јасно се дефинирани надлежностите во Статутот на Факултетот за ликовни уметности кои обезбедуваат процес на изведување на студсиките програми и начините за мотивација на студентите активно да учествуваат во процесите на учење и стекнување вештини.
Според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018.
При изведувањето на наставата се користат интерактивни методи покрај редовната настава и вежби, семинарски трудови, истражувачки проекти, теренска настава, практична настава, панел дискусии, презентации, изложбени активности и др.
Предметните програми го прецизираат завршното оценување кое е јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се во договор со студентската организација.
Сите документи неопходни за информирање на студентите се достапни на интернет страната на факултетот.

**Прилози**
3.1.А. линк Распоред на часови и работни задачи:
http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-595
http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-594
3.1.Б. линк Статут на ФЛУ и Статутарна одлука на Факултетот за ликовна уметност
3.1.В. линк Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв.... УКИМ во Скопје
3.1.Г. линк Информации за студирање на ФЛУ 1

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br><br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br><br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите на студирање на прв и втор циклус студии на УКИМ (член 25-31) наведени се и детално елаборирани начините на кои може да се изведува наставата. Факултетот за ликовни уметности не се ограничува само на овие начини, имајќи ја во предвид специфичноста на факултетот и наставата. Покрај редовните предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, практична настава, курсеви, изложбена активност и слично, постои флексибилност и за вклучување (физички или онлајн) на предавачи од други единици на УКИМ како и странски сродни институции, како и професионалци од праксата од земјата и странство.
Наставата по стручните уметнички предмети се изведува во ателјеата и лаболатории на ФЛУ, а теоретската настава во предавалните на факултетот и во други единици на УКИМ.
Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата на ФЛУ, согласно потребите на студентите се дел од Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма.
Иновативните и креативните методи во изведување на наставата се дел од секојдневието на ФЛУ. Се користат посебни, стимулативни и различни пристапи со цел да ги стимулираат и поттикнуваат во мотивацијата за творештво, стекнување знаења и вештини. Особено внимание во последните две години од студиите на прв циклус и студиите на втор циклус се посветува на продлабочување на истражувачките и критичките компетенции на студентите.
Како конкретни примери може да се наведат:

- По наставниот предмет Реставрација и Конзервација IV, под водство на доц. м-р. Марија Сотировска Богдановска имаа три дневна теренска практична настава во НУ археолошкиот локалитет Стоби-Градско. Предавањата и теренската практичната настава за документација и превентивна конзервација

на мозаик ја менторираше стручњак од праксата конзерватор м-р Томе Филов. Студентите се запознаа со историјата и местоположбата на целокупниот локалитет од страна на кустос и имаа можност да се запознаат со состојбата на in situ мозаиците. Мозаикот кој беше предмет на нивната практична настава е дел од нартексот на Епископската Базилика и датира од втората половина на V век. http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-651

- Студентите од прв и втор циклус на Студиската програма по Сликарство и трансмедиумски практики на Факултет за ликовни уметности – Скопје, од 8 ми до 14 ти март 2024 година, имаа практична настава сликање на Мурал „Зачувување на биодиверзитетот“ на фасадата на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“. http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-650
- Летна школа 2023, Факултетот за ликовни уметности го најави долгорочниот проект NEW ART FOR(U)M кој е замислен како традиционална летна школа за експериментални уметнички практики изведена надвор од факултетските ателјеа. Темата на сесија#1 беше „Among nature and activism“. Истражувањата и работилниците изведени на школата реферираат кон проширување на практични сознанија и искуствата на студентите за Land & Environmental уметноста, односно во конципирањето на вонатељерски ликовен контекст близок до жанрот на инсталацијата а тесно поврзан со пејсажот. Улогата на локацијата, екстериерот, екогеографијата, геологијата, климата, флората, светлината итн. како појдовна точка и нивната референтност во осмислувањето на просторно или концептуално дело или проект. Локација: Лазарополе, Општина Маврово и Ростуша. Термин: 31.08-06.09.2023

  https://www.facebook.com/photo/?fbid=691729487496848l&set=pcb.6917295041635131

  https://www.facebook.com/media/set/?vanity=61552985376215&set=a.122152429064099512

- На 18.04.2024 на Филолошкиот факултет се одржа настанот: „Скриени дела и спомени – откривање“, реализиран од дел од студентите од сите четири студиски години на Факултетот за ликовни уметности – ФЛУ, Скопје. Тие ги презентираа своите излагања пред публиката и пред ликовните дела создадени од неколку македонски автори, со компаративна анализа и опфат на историскиот контекст на настанување на репликите кои се наоѓаат во аулата и коридорите на Филолошкиот и Филозофскиот факултет. Студијата „Скриени дела и спомени – откривање“, како процес на мапирање и евалуација, има за цел да ја подигне свеста кај релевантните институции за зачувување на делата оставени на временската корозија. Концептот е реализиран под менторство на доц. д-р Натали Рајчиновска Павлеска и доц. м-р Велимир Жерновски од Факултетот за ликовни уметности – ФЛУ, во тимска соработка со достапните капацитети од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје. Проектот е реализиран во рамки на Студентска уметничка пролет, поддржан од Europe House. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Europe House Skopje https://www.facebook.com/photo?fbid=937923328119425&set=pcb.937924738119284

**Прилози**
3.2.А. Линкови: Работилница, Летна школа, New Art For(u)m, Теренска настава, работилница во НГМ со Академија Фонтис-Холандија, Работилница Експресивна Арт Терапија, Мастерклас, Мурал
3.2.Б. линк Опис на изведување на настава – во предметни програми, за сите студиски програми

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во рамките на секоја студиска програма јавно и транспарентно се објавени општите и специфичните дескриптори За секоја студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој се остваруваат. Во елаборатите на студиските програми предвидени се посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговоите вештини и компетенции. Интерес за втор циклус студии има и од студенти кои студиите од прв циклус ги завршиле на други единици на УКИМ, што зборува за интердисциплинарноста на ФЛУ.
Факултетот за ликовни уметности се стреми секогаш да излезе во пресрет на секој студент и вработен посветено

| | |
|---|---|
| и одговорно. Тука секако спаѓаат и активностите надвор од студиските програми кои влијаат и значат ДОПОЛНИТЕЛНО и БЕСПЛАТНО образование и практично искуство за студентите и начин на кој менторите ги мотивираат и практично оспособуваат своите студенти за кариерите кои им престојат. Ова е пракса е традиција на Факултетот за ликовни уметности.<br>Наставата континуирано се следи и се постапува по детектирани слабости/недостатоци и се прават соодветни адаптации.<br>Спроведената самоевалуација во 2018/19 детектираше слабости за кои наставниот кадар беше свесен, па затоа на ФЛУ почнувајќи од 2022/23 наставата се изведува по нови значајно изменети акредитирани Студиски програми.<br>Со самоевалуациите студентите имаат можност да ја оценат наставата, како и да дадат свои мислења и сугестии. Согласно резултатите на анкетите и координација меѓу двајцата наставници на секој предмет се согледуваат можности за адаптација во иднина, со цел да се унапреди наставниот процес. | |
| **Прилози**<br>3.3.А. Линкови: Работилница, Летна школа, New Art For(u)m, Теренска настава, работилница во НГМ со Академија Фонтис-Холандија, Работилница Експресивна Арт Терапија, Мастерклас, Мурал<br>3.3.Б. Извештаи од наставници<br>3.3.В. Линк: Изложба „Интимен простор – куќа“, New Art For(u)m<br>3.3. Г. Примери од адаптации на студиски програми 1<br>3.3.Г.1 Примери од адаптации на студиски програми 2 | |
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Согласно проблематиката на секој предмет и начинот на реализирање на наставата, дали станува збор за практично - теоретска настава или само теоретска настава, професорите го вршат оценувањето и формирањето на оценката според претходно востановена практика на факултетот.<br>Седење на настава (0-20%), Реализирани вежби и задачи (0-25%), Квалитет на релизирани вежби и задачи (0-25%), Техничко-технолошки способности (0-10%), Самостојна работа (0-10%), Корисење литература (0-5%), Самоиницијатива за истражување (0-5%). | |
| **Прилози**<br>3.4.А. Табела – не е применливо и табелата е нејасна.<br>3.4.Б. Табела<br>3.4.В. линк: Предметни програми – прв циклус<br>3.4.Г. линк: Предметни програми – втор циклус<br>линк: Правила на студирање ФЛУ | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Критериумите за вреденувањето и оценувањето на студентите е детално опишано во Правилата на студирање на ФЛУ Дополнителни специфични информации се објавени во Елаборатите на Студиските програми, односно предметните програми. Сите овие документи се јавно објавени и достапнни на веб страницата на факултетот.. | |
| **Прилози**<br>3.5.А. линк: Правила на студирање ФЛУ<br>3.4.Б. линк: Предметни програми – прв циклус<br>3.4.В. линк: Предметни програми – втор циклус | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

| | |
|---|---|
| оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | |

Оценувањето на Факултетот за ликовни уметности е објективно и прилагодено на целите на предметите. Студентите по стручно уметничките предмети се оценувани во текот на целиот семестар, следејќи ги нужните индикатори за формирање на оцена. Дополнително од особено значење е изработката на практичните вежби и демонстрирање на стекнати знаења и вештини и низ изложбените активности. Студентите континуирано добиваат информации за напредокот и индивидуално се советуваат за понатамошниот процес на учење.
Оценување од повеќе испитувачи обично е пракса за комисиско полагање на испитите. Но, во оценувањето се консултираат и асистентите и стручните соработници.
Иновативноста во оценувањето може да се согледа со примери:

- Доколку станува збор за студент кој не успеал да ја реализира бараната програмска активност во текот на регулираните часови, менторите индивидуално работат со студентите на домашни задачи како и консултации и насоки кон комуникација со останатите професори кои во многу случаи помага при осмислување на релевантна оцена на крајот од учебната година. Исто така заклучно новите програми на трансдициплинарност помагаат на поголемо следење на сите студенти од страна на сите (освен менторите) професори) со што се постигнува поадекватен систем на оценување.

- Повратните информации се изведуваат консултативно, усно и преку електронска адреса. Наставата на ФЛУ е во 90% со индивидуален пристап и редовни речиси секојдневни средби со студентите и следење на активности околу творечките инспирации и практичните вежби.

- Иновативниот пристап кон оценување може да се види преку следните конкретни примери: По наставниот предмет Реставрација и Конзервација IV, под водство на доц. м-р. Марија Сотировска Богдановска имаа три дневна теренска практична настава во НУ археолошкиот локалитет Стоби-Градско. Предавањата и теренската практичната настава за документација и превентивна конзервација на мозаик ја менторираше стручњак од праксата конзерватор м-р Томе Филов. Студентите се запознаа со историјата и местоположбата на целокупниот локалитет од страна на кустос и имаа можност да се запознаат со состојбата на in situ мозаиците. Мозаикот кој беше предмет на нивната практична настава е дел од нартексот на Епископската Базилика и датира од втората половина на V век. Присуството на оваа практична настава влегува и во финалната оцена по предметот.
  http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-651
- По наставниот предмет МЕТОДИКА ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ, студентите се оценуваат преку изведување на практична настава за основно и средно училиште, по предметот Ликовно образование-Ликовна култура, Ликовна уметност, Култура, Вовед во естетика, развој на внатрешна мотивација на учениците. Наставата се изведува пред комисија од предметниот професор по МЕТОДИКА ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ и наставникот или професорот во основното или средното училиште.

**Прилози**
3.6.А. Просечни оцени по предмет

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Во установата постои формалана процедура за жалба во Правила на студирање на ФЛУ, Правилниците на УКИМ за студии од прв и втор циклус на студии. Процедурите за корупција се регулирани на веб страницата на УКИМ.
Жалби од студенти кон наставен, соработнички и друг вработен кадар и пријава на корупција нема. Во периодов е актуелна една жалба од студент кон студент, за што е формирана Студентска етичка комисија.

**Прилози**
3.7.А. Правилник за студирање ФЛУ
3.7.А. УКИМ Правила за студии од прв и втор циклус
3.7.В. Жалба на студент кон друг студент
3.7.В.1. Постапка по жалба на студент-Записник од продекан за настава.pdf
3.7.Г. Етички кодекс
3.7.Д. Антикорупциска програма УКИМ

Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Јавно достапни дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето<br>При реализацијата на образовната дејност во целост го применува Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во него јасно се утврдуваат сите релевантни аспекти за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии на првиот и вториот циклус наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 417/2019 година). Како и Правилата на студирање на ФЛУ.<br>Во согласност со Законот за високо образование, Статутот и Правилникот на УКИМ, и Статутот и правилникот на ФЛУ се однесуваат на уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на документните кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите. | |
| **Прилози**<br>4.1.А. Правилник на студирање ФЛУ и линк: http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-609<br>4.2.Б. Правилник УКИМ студии од прв и втор циклус | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Утврдена постапка и алатки за собирање или следење на напредок на студентот<br>следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на прв и втор циклус студии (постдипломски студии) се врши согласно дефинираната рамка во:<br>-Законот за високо образование(„Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 82/18);<br>-Правилникот за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование и наука,врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18);<br>-Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;<br>- Одлуката за правилата на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Согласно Член 159 одЗаконот за високо образование, ФЛУ- Скопје води матична книги на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.<br>Во согласност со наведените прописи се води студентско досие (во електронска и хартиена форма) каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентите во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на магистрирање. | |

| | |
|---|---|
| Воспоставениот електронски систем на евиденција - IKNOW СИСТЕМОТ на УКИМ, овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на факултетот, така и на секој поединечен студент. | |
| **Прилози**<br>4.2.А. Матична книга, Индивидуални досиеја на студенти и IKNOW СИСТЕМОТ на УКИМ (податоци кои не смеат да се прикажат тука)<br>4.2.Б. Пристап кон IKNOW СИСТЕМОТ на УКИМ | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| Во установата, составена од наставен кадар, функционира Комисија за еквиваленција, односно пренос на оцени. | |
| **Прилози**<br>4.3.А. Правила на студирање УКИМ прв и втор циклус<br>4.3.Б. Правила на студирање ФЛУ<br>4.3.В. Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години..docx | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| Согласно Законот за високо образование, Статут и правилници на УКИМ и Статут и правилници на ФЛУ студентите добиваат документација која ја појаснува квалификацијата, компетенциите, резултатите од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Документацијата е јасна, разбирлива и сеопфатна. | |
| **Прилози**<br>4.4.А. Диплома – прв циклус<br>4.4.Б. Диплома – втор циклус<br>4.4.В. Додаток на диплома – прв циклус<br>4.4.Г. Додаток на диплома – втор циклус<br>4.4.Д. Уверение – прв циклус<br>4.4.Ѓ. Уверение – втор циклус | |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Факултетот за ликовни уметности е високообразовна уметничка и уметничко/научно-истражувачка институција, која континуирано ги следи и во рамките на можностите ги имплементира современите текови од областа на визуелните/ликовните уметности и образовните промени, се со цел да едуцира кадри кои ќе продолжат во одржувањето на квалитетот и континуитетот на визуелната/ликовната сцена и ликовната/визуелната едукација во | |

[3] Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

нашата држава. Со таа цел квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. Како голем проблем на нашата установа е тоа што се соочуваме со недостаток на истиот и наставниот кадар истовремено станува преоптеретен.
Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот за ликовни уметности го сочинуваат реномирани, активни и докажано најрепрезентативните визуелни уметници во РС Македонија кои континуирано самостојно го претставуваат творештвото (уметничките истражувања) во значајни меѓународни и домашни институции (музеи, галерии, јавни простори и сл.), учествуваат на меѓународни и домашни групни претставувања, уметнички резиденции, работилници, семинари и фестивали. Покрај ликовните/визуелните излагачки активности, реализираат значајни остварувања во доменот на визуелните комуникации, перформативните уметности, сценографијата, видео уметноста, конзервацијата и реставрацијата и сл. Нивното творештво и текстови се објавуваат во значајни публикации од областа на визуелните уметности во земјата и странство.

**Прилози**
5.1.А.Листа со линкови до Биографии на наставен кадар во Europass формат
5.1.Б. Одлуки за избор во звање
5.1.В. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал (од Б.1.В.1 до Б.1.В.7)

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот за ликовни уметности го сочинуваат реномирани, активни и докажано најрепрезентативните визуелни уметници во РС Македонија кои континуирано самостојно го претставуваат творештвото (уметничките истражувања) во значајни меѓународни и домашни институции (музеи, галерии, јавни простори и сл.), учествуваат на меѓународни и домашни групни претставувања, уметнички резиденции, работилници, семинари и фестивали. Покрај ликовните/визуелните излагачки активности, реализираат значајни остварувања во доменот на визуелните комуникации, перформативните уметности, сценографијата, видео уметноста, конзервацијата и реставрацијата и сл. Нивното творештво и текстови се објавуваат во значајни публикации од областа на визуелните уметности во земјата и странство. Самостојни претставувања/изложби на наставниот и соработнички кадар на ФЛУ во РС Македонија во извештајниот период, вкупно три. Ист број на самостојни претставувања и надвор од нашата држава (Белград, Србија; Анкара, Турција и Приштина, Косово). Групни домашни и меѓународни претставувања/изложби на наставниот и соработнички кадар на ФЛУ во РС Македонија во извештајниот период, вкупно 33, додека во странство 23.
Од застапеност во публикациите ги издвојуваме: - Female Agency in the Arts of former Yugoslavia, Anja Foerschner, Bloomsbury Publishing, USA, 2023, репродукции од дела и текст (за проф. м-р Жанета Вангели) - Stevceska, Slobodanka. 2023. Teaching., in From Praxis to Policy: Environmental Shift through Art and Culture (ed. Biljana Tanurovska Kjulavkovski, Ivana Dragšić), Skopje: Lokomotiva – Centre for New Initiatives in Arts and Culture - The Large Glass No. 35/ 36, 2023, Journal of Contemporary Art, Culture and Theory, Museum of Contemporary Art Skopje (за проф. м-р Слободанка Стевческа, група ОПА) - Франговска, Ана. 2023. Технологија, политика и екологија у македонској савременој уметности као одраз трансдисциплинарности и трансмедијалности (докторска дисертација), Универзитет Сингидунум у Београду - Факултет за медије и комуникације (за проф. д-р Славица Јанешлиева, проф. м-р Роберт Јанкулоски, проф. м-р Слободанка Стевческа – група ОПА и доц. м-р Велимир Жерновски) - Gkitsa, Dimitra. 2023. Working with the spectre(s): art collectives in the post-socialist and post-conflict Balkan space. In, Myzelev, Allaand Tunali, Tijen (eds.) Contemporary Arts Across Political Divides: Difficult Conversations. Newcastle upon Tyne: Cambridge Scholars Publishing, pp. 214-239 (за проф. м-р Слободанка Стевческа, група ОПА) -Подготовка на Ретроспективно-Монографско издание „Вода/Ѕид" за творештвото на проф. м-р Јован Шумковски, издавач Музеј на современата уметност, Скопје -ЖЕРНОВСКИ, Велимир. Confutatis – ОД ШТО СЕ НАПРАВЕНИ ХЕРОИТЕ?; Здружение на граѓани Контрапункт/изданието е дел од платформата КРИК – фестивал за критичка култура, Скопје, 2023 (текстови од: Кетрин Николс - главена кураторка на Манифеста 14 Приштина, теоретичар ка на уметноста и куратор во Хамбургер Банхоф – Берлин, доц. д-р Натали Рајчиновска-Павлеска - теоретичарка на уметност и култура, критичарка од Факултетот за ликовни уметности – Скопје)
Од областа на визуелните комуникации и пошироко ги издвојуваме: - Работна група за брендирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (проф. м-р Ладислав Цветковски, проф. д-р Славица Јанешлиева и доц. м-р Игор Сековски) - Организирање на повик за изработка на лого и поштенска марка по повод 30 години

| | |
|---|---|
| воспоставување на дипломатските односи на Италија и Македонија. Амбасада на Република Италија во Скопје, Институт Данте Алигиери од Скопје (проф. м-р Ладислав Цветковски) -4.48 PSYCHOSIS од Sarah Kane, HUSET Theater, Копенхаген, ликовно обликување на театарска претстава (плакат, трејлер, костимографија, сценографија, видео проекции за целата претстава) (проф. м-р Жанета Вангели) -Стручно жири за селекција на дела и награди на 16. Меѓународно биенале на графика – Сува игла – Ужице 2023 (проф. д-р Славица Јанешлиева)<br>Овој стандард треба да се прилагоди и кон уметничките факултети.<br>ФЛУ дополни со табели за прикажување на уметничко-научно истражувачка и изложбена активност.<br>Табелите се Листа на самостојни изложби, вкупно 8; Листа на групни изложби, вкупно 51; Други професионални активност, вкупно 22. | |
| **Прилози**<br>Стандард 5.2 Наставен кадар.docx | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Редовно се поднесуваат извештаи од наставниот кадар и според досегашниот увид и комуникација со наставниците и студентите од сите катедри и на сите циклуси наставата на Факултетот за ликовни уметности е реализирана во целост. Постапно се спроведуваат и воведуваат новите акредитирани студиски програми од двата циклуси на образование, со прилагодување на капацитетите и ресурсите со кои располага факултетот имајќи во предвид дека студентите запишани пред академската 2022/23 студираат според старите акредитирани програми. Забележителен е преобемниот ангажман на наставниот кадар (заради недостиг на наставници, соработници и административен кадар во редовен работен однос) и затоа оптоварувањето на кадарот во делот на наставата не е балансирано.<br><br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време: Податоците се изготвени врз основа на Преглед на дејноста 2023/2024 со вкупен број на вработени заклучно до 30.06.2024. Истите се превземени од Одделението за правни и општи работи и за финансиско, сметководствено и материјално работење. Врз основа на дадените податоци се исплаќа и плата за вработените по основ вработување на неопределено работно време и Одлуки за избор во наставно-научно уметничко звање. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.3. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии<br>Прилог 5.3.Б. Одлуки за распоред на работи и работни задачи<br>Прилог 5.3.Б.1. Одлуки за распоред на работи и работни задачи<br>Прилог 5.3.В. Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии продекан за настава<br>5.3.В. Извештај за спроведена настава сите професори.docx<br>Прилог 5.3.Г. Распоред | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| утврдените критериуми. | |

Факултетот за ликовни уметности како високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна:

1. Стр. 404 http://flu.ukim.edu.mk/documents/izbor%20vo%20zvanje/20231229_1298_Robert%20Jankuloski.pdf
2. Стр. 432 http://flu.ukim.edu.mk/documents/izbor%20vo%20zvanje/20231229_1298_Natali%20Rajcinovska-Pavleska.pdf

**Прилози**

5.4

5.4.А. Правилник за избор во наставно-научно звање

5.4.Б. Правилник за измена и дополна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Факултетот за ликовни уметности спаѓа во групата на факултети кои имаат големи трошоци околу наставата, а работат со мал број на студенти (исполнета квота).

Установата нема развиено постапка за подобрување на работните услови на наставниот кадар.

Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар е според статутот на УКИМ. https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf

Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата: На следните линкови се предметните програми на прв циклус на студии:

Акредитација 2022:

1. Предметни програми ГРАФИКА И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ (2022)
http://flu.ukim.edu.mk/documents/2022_%D0%93%D0%A0%D0%90%D0%A4%D0%98%D0%9A%D0%90%20%D0%98%20%D0%A2%D0%A0%D0%90%D0%9D%D0%A1%D0%9C%D0%95%D0%94%D0%98%D0%A3%D0%9C%D0%A1%D0%9A%D0%98%20%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%9A%D0%A2%D0%98%D0%9A%D0%98.pdf

2.Предметни програми СКУЛПТУРА И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ (2022)
http://flu.ukim.edu.mk/documents/2022_%D0%A1%D0%9A%D0%A3%D0%9B%D0%9F%D0%A2%D0%A3%D0%A0%D0%90_%D0%98_%D0%A2%D0%A0%D0%90%D0%9D%D0%A1%D0%9C%D0%95%D0%94%D0%98%D0%A3%D0%9C%D0%A1%D0%9A%D0%98_%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%9A%D0%A2%D0%98%D0%9A%D0%98.pdf

3.Предметни програми СЛИКАРСТВО И ТРАНСМЕДИУМСКИ ПРАКТИКИ (2022)
http://flu.ukim.edu.mk/documents/2022_%D0%A1%D0%9B%D0%98%D0%9A%D0%90%D0%A0%D0%A1%D0%A2%D0%92%D0%9E%20%D0%98%20%D0%A2%D0%A0%D0%90%D0%9D%D0%A1%D0%9C%D0%95%D0%94%D0%98%D0%A3%D0%9C%D0%A1%D0%9A%D0%98%20%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%9A%D0%A2%D0%98%D0%9A%D0%98.pdf

4.Предметни програми ЛИКОВНА ПЕДАГОГИЈА (2022)
http://flu.ukim.edu.mk/documents/2022_%D0%9B%D0%98%D0%9A%D0%9E%D0%92%D0%9D%D0%90%20%D0%9F%D0%95%D0%94%D0%90%D0%93%D0%9E%D0%93%D0%98%D0%88%D0%90.pdf

Втор циклус/постдипломски академски студии:

1. СЛИКАРСТВО
2. ГРАФИКА
3. СКУЛПТУРА

http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-451

**Прилози**

Прилог 5.5.Б. Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата

Прилог 5.5.В. Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата

Прилог 5.5.Д. Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на |

| | |
|---|---|
| професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Напредувањето во звања на наставниот кадар не е возможно без професионален развој на наставниот кадар. Но Факултетот за ликовни уметности нема финансиски средства за да помага на наставниците и секој индивидуално ги покрива трошоците за професионално напредување (уметнички истражувања, изложби (самостојни и групни), учества на симпозиуми и сл.

Во рамките на УКИМ, доц. м-р Игор Сековски од наставниот кадар на ФЛУ, беше член на работната група за изготвување на Стратегија на Центарот за кариера при УКИМ. Истиот наставник сега е вклучен во обуката за GCDF кариерни советници.

Д-р Славица Јанешлиева, Конзервација и реставрација, Erasmus +, University of West Attica, SCHOOL OF APPLIED ARTS & CULTURE

Д-р Ангел Миов, Конзервација и реставрација, Erasmus + University of West Attica, SCHOOL OF APPLIED ARTS & CULTURE

М-р Марија Сотировска Богдановска, Конзервација и реставрација, Erasmus + University of West Attica, SCHOOL OF APPLIED ARTS & CULTURE

М-р Игор Сековски, Конзервација и реставрација, Erasmus +, University of West Attica, SCHOOL OF APPLIED ARTS & CULTURE

**Прилози**
Стандард 5.6.dc

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Факултетот хонорарно ангажира стручњаци од практиката од земјата заради мал број на кадар, а со цел доследно изведување на наставата. Нивниот профил е релевантен за студиските програми, а професионалното искуство носи додадена вредност. Во недостаток на наменски сопствени финансиски средства, факултетот не е во можност да ангажира визитинг наставници и афирмирани научници од странство со релевантни интернационални портфолија.

**Прилози**
5.7. Листи по семестар 2023/24
5.7.А. Биографии

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетот за ликовни уметности поттикнува уметничко научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу уметноста, наставата и науката. Системот делумно функционира и не е потполно ефикасен, студиите се конципирани преку континуирано следење на студентите и давање на индивидуални насоки кон градење на сопствен начин на израз. Поттик за научна работа би значело, покрај меѓу универзитетска соработка во процесот на научните истражувања, учество и на интернационални семинари со јавна презентација на научноистражувачки трудови, публикација во релевантни научни списанија со средства обезбедени (наменски планирани) од УКИМ и МОН, а не индивидуално финансирани.

**Прилози** http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=3&i=id-null

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

| | |
|---|---|
| методи и во користењето нови технологии. | |

Факултетот за ликовни уметности како високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии, на студентите им обезбедува академско образование од полето на ликовните уметности. Стекнатите уметнички компетенции подразбираат темелни знаења од главните ликовни области, како сликање и сликарски техники, цртање и трансмедиумски истражувања, вајање и вајарски техники, графика и графички техники, ликовна теорија, историја на уметноста, филозофија и социологија на културата и уметноста, мултимедиумски уметности како видео уметност, фотографија, звучна уметност, интермедиумски практики, инсталација, уметнички стратегии во јавен простор, применети уметности, заштита и реставрацијата итн., но и способност за разбирање и практикување на ликовните постапки од класични до современи, способност за креирање и градење на критичка мисла и автентичен уметнички израз.

И покрај недоволните финансиски средства со кои располага факултетот, сепак преку Турската агенција за соработка и координација –**ТИКА**, успеа да обезбеди донација за опремување на современа компјутерска лабораторија за потребите на предметите поврзани со дигиталните технологии, графичкиот дизајн, дигиталната фотографија, видео и аудио уметноста. Со оваа дигитална лабораторија, драстично се подобри квалитетот во наставата во делот на претходно наведените области.

https://www.facebook.com/photo/?fbid=789967226506829&set=pcb.789966906506861

**Прилози**

https://www.facebook.com/profile.php?id=61552985376215

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

МОН и УКИМ. Но системите за плагијати од областа на уметностите се сосема поинакви. Поради тоа сите студенти се запознаени со етичкиот кодекс на УКИМ https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf

**Прилози**

http://plagijati.mon.gov.mk/

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа е согласно Статутот на УКИМ, стр. 71, Научноистражувачка и применувачка, односно апликативна дејност
https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pd

**Прилози**

/

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Уметничко-научно истражувачката работа сосема кореспондира со развојните цели на уметноста и културата во општеството. Таа се пласира на релевантни изложбени активности и е редовно застапена во публикации од областа на ликовната/визуелна уметност во земјата и странство.

Факултетот за ликовни уметности во соработка со националните институции Музеј на современа уметност, Национална галерија и други, соработува во однос на следењето и подобрувањата, но извештаи и препораки во пишувана форма не постојат.

**Прилози**

/

Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Системот за финансирање на установата, УКИМ, не ги задоволува во целост потребите на единицата Факултетот за ликовни уметности. Поради специфичноста на предметната наставна програма факултетот има големи трошоци за нивна реализација и тоа: потрошни материјали и алати, машини, бои, лаборатории (кои се во недостаток) и слично, а се неопходни за наставата, тука спаѓа и ангажирање на живи модели (за цртање, сликање, вајање) и други потреби, системот не е ефикасен за уметнички факултет. Сепак факултетот обезбедува недоволни дополнителни средства со повремен закуп на простор и тие средства одат кон тековното сервисирање на трите објекти што ги управува и во подобрување на квалитетот на наставата во сите студиски програми.<br>Установата ги користи сите можности за аплицирање на конкурси за финансирање на научно, уметничко и апликативна работа, но државните институции немаат слух за развојот на уметничките истражувања. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.1.А. Финансиски план<br>Прилог 6.1.Б. Финансиски извештај<br>Прилог 6.1.Б.1. Финансиски извештај<br>Прилог 6.1.В. Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-460<br><br>Факултетот за ликовни уметности својата дејност ја извршува во три објекти лоцирани на различни локации: дел од објектот „Сули-ан“ во Старата Скопска чаршија, во дел од зградата на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ и во објектот „Ателјеа“ (во општина Карпош), со вкупна површина од 3200 м2 бруто простор. Факултетот располага со 17 простории/ателјеа за изведување на наставата по стручноуметничките предмети за соодветните студиски програми (1800 м2), една предавална од 20 м2 со 15 седишта), една компјутерска работилница (14 десктоп компјутери, 2 таблети за цртање, 1 ЛЦД телевизор, 1 ЛЦД проектор и 1 колор печатар), 6 лаборатории (работилници) за истражување и изучување на специфичните техники и технологии по стручно-уметничките предмети за соодветните студиски програми (300 м2), 11 кабинети за наставно-научноуметничкиот кадар (150 м2) и два мултинаменски простори: „Галерија ФЛУ” (176 м2) и „Драгутин Аврамовски-Гуте“ во Сули-ан (105 м2).<br>Библиотека: заради претходно пензионирање (од 28.02.2021) на вработено одговорно лице - библиотекар, работното место останува затворено/непополнето. Библиотекарката беше ангажирана хонорарно уште две години, но факултетот едноставно не може да ги поднесе трошоците околу хонорарните ангажирања. Од тие причини изнајмувањето на книги беше сведено на основно/минимално ниво, а ракувањето и издавањето книги беше во организација на Продеканот за настава. Во овој период не се набавени нови изданија.<br>Во следниот период планирано е повторно обединување на целиот библиотечен фонд на една локација. Делот | |

| | |
|---|---|
| од старата факултетска библиотека во објектот Сули ан за време на пополнувањето на овој документ се префрла и соединува со библиотечниот фонд во објектот на ФЛУ кај Педагошка. Целиот библиотечен фонд ќе биде изложен и достапен за студентите во новата предавална на ФЛУ.<br><br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина - нема<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби - нема<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата - нема | |
| **Прилози**<br>6.2. Попис на библиотечен фонд<br>6.2.Б. Попис на ФЛУ за 2023 (1).pdf | |
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитетот на Факултетот, но мора да се напомене дека има недостаток на помошно/административни служби.<br>Службите се флексибилнит во изведување на наставата како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби), тие имаат индивидуален пристап кон секој студент. И факултетските ателјеа се отворени бво периодот од 8:00ч. – 19:00ч. Поради спецификата на студиските програми ФЛУ нема вонредни студенти.<br>Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил не е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Во нашата установа нема вработено правно лице и поради тоа секогаш е оптеретен другиот дел од стручно административните служби.<br>Помошниот и административен кадар делумно има можност за развој на сопствените компетенции поради немање на доволно финансии. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.3. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).<br>Прилог 6.3.Б. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби | |
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Факултетот за ликовни уметности го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. Како резултат на тоа се досегашните изложби кои произлегуваат од уметничко-истражувачките проекти „Креативно гледање низ просторот”, „Видео уметност и уметност базирана на време”, „Темно”, „Поврзување”, „Рециклирање во скулптура и мултимедиа“, „21”.<br><br>Научноистражувачкиот проект на Сликарска катедра со наслов „Мозаик, мурал, асамблаж“ е во процес на реализација и со негово реализирање ќе ја имаме и листата на вклучените студенти и процентот во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. | |
| **Прилози**<br>6.4. Научно/уметнички истражувачки проект | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во |

<table>
<tr><td>советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.</td><td>последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот има недостаток на кадар.<br>Постои Комисија за кариера која генерално е одговорена за организирањето на активностите околу „Отворен ден“ на ФЛУ. ФЛУ има мал број на студенти кон кои наставниот кадар има индивидуален пристап. Тие се грижат за нивниот психолошки, академски, уметнички и кариерен развој.<br>Во моментов еден член од наставниот кадар е на обука за GCDF сетрификација.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>https://www.facebook.com/flu.skopje/?locale=mk_MK</td></tr>
<tr><td>6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.</td><td>Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Нема функционален систем.<br>Постојат три обиди на социјалната мрежа ФБ: ФЛУ – сите студенти, Графички дизајн алумни – ФЛУ Скопје и Катедра за графика, ФЛУ, УКИМ, Скопје (алумни).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>https://www.facebook.com/groups/1723934017897544<br>https://www.facebook.com/groups/1498777647106497<br>https://www.facebook.com/groups/588931728632875</td></tr>
<tr><td>6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Учеството на студентите во управувањето на Факултетот за ликовни уметности е регулирано со акт - СТАТУТ на Студентското собрание на ФЛУ усвоен на 16.12.2019 на основачкото собрание на ФСС.<br>На конститутивната седница на Студентското собрание одржана на 15.05.2024 официјално беа претставени сите членови на Факултетското студентско собрание пред Деканот и секретарот.<br>Верификационата комисија, после претходното прегледување на условите за членството во Собранието, и официјално го потврди членството на сите претходно избрани членови во Собранието и се потврди формирањето и почетокот на работата на Факултетското студентско собрание.<br>Беа претставени и претставниците од Собранието во телата и органите на Факултетот и Универзитетот кои се одредени со Статутите на соодветните институции.<br>Како претставник во Деканската управа на Факултетот е претседателот на Собранието, Јана Бутеска.<br>Двајцата претставници во Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот се Јана Бутеска и Давид Јосифов, а беше избран и еден член кој би имал улога на заменик-претсавник во случај на отсуство на претседателот, Благица Трајкоска.<br>Претставници кои беа избрани да бидат дел од Универзитетското студентско собрание се Вилијам Стојановски и Миро Костовски, а беше избран и еден член кој би имал улога на заменик-претставник во Универзитетското студентско собрание во отсуство на некој од официјалните претставници – Ивона Базгалоска.<br>Избрани беа членови за самоевалуација на студентите, Вилијам Стојановски и Давид Јосифов, преку тајно гласање.<br>Како и член, студентски правобранител - Ханида Абеска.<br>Приказ на подржани општествени и културни активности на студенти од страна на установата:<br>1. Традиционална годишна изложба Графика – мал формат 2024<br>2.. Сликање на студентски мурал на фасадата на Фкултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и еко инженеринг „ХАНСЕМ“ 2024<br>3. 36-та Изложба на студентска графика „Драгутин Аврамовски - Гуте“ 2023</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 4. Студентска изложба „Четири мајстори на модернизмот“ 2023<br>5. Годишна студентска изложба на ФЛУ 2023<br>6. Летна школа „Помеѓу природата и активизмот“ 2023 | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.7. Табела<br>Прилог 6.7.А. Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето<br>Прилог 6.7.Б. Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа<br>Прилог 6.7.Б.1.<br>Прилог 6.7.В. Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори<br>Прилог 6.7.Д.1.Приказ на подржани културни активности-мал формат<br>Прилог 6.7.Д.2.Приказ на подржани културни активности-мурал извештај<br>Прилог 6.7.Д.3.Приказ на подржани културни активности-2023 студентски ликовни изложби ФЛУ<br>Прилог 6.7.Д.4. Приказ на поддржани културни активности.Летна школа2023 | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| Факултетот за ликовни уметности редовно ги запознава студентите со услугите и можностите кои им стојат на располагање преку веб страната http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-452<br><br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна: http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=3&i=id-null<br><br>Исто така сите информации се споделуваат и на социјалните мрежи: страницата на ФЛУ на Фејсбук и на Инстаграм. | |
| **Прилози**<br>http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-452<br>https://www.facebook.com/flu.skopje/?locale=mk_MK<br>https://www.instagram.com/flu_sk/ | |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Факултетот за ликовни уметности редовно прибира информации, ги анализира и истите ги користи за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасениот процес на самоевалуација и повремени интерни анкети се спроведува континуирана проверка и оцена на наставно-образовниот, уметничкиот и истражувачкиот процес на студиите на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Врз основа на анализа и критичка проценка на студиските програми, наставно-научниот кадар, наставнообразовната дејност, уметничката и научноистражувачката работа, студентите, просторните и материјалните ресурси, логистиката, надворешната соработка и финансирањето, како и примена на SWOT анализа, се разоткриваат силните и слабите страни на образованието на ФЛУ, со крајна цел овие податоци да се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. Како силни страни на ФЛУ може да се издвојат: Креативност и иновативност; Посветеност; Академска слобода; Еднакви можности; Мултидисциплинарност; Наставен кадар; Учење, настава и вреднување насочено кон студентот; Информирање на јавноста; Меѓународна соработка и интернационализација.<br>Слаби страни: Недостаток од наставен, соработнички, стручен, административен и техничко помошен кадар, односно тешкотии при добивање согласност за вработување од соодветните министерства; Застарени објекти | |

| | |
|---|---|
| (градежно, струја, вода, санитарии/канализација, пристапност), лабораториии/ателјеа; Застарена опрема (специфични машини, алати, алатки, штафелаи, маси за цртање и сл.) за реализација на настава; Кабинети на наставен и соработнички кадар без соодветен мебел и дигитална/компјутерска опрема; Поделеност на наставата во три објекти, на две оддалечени локации и на тој начин нередовна комуникација меѓу студентите на различни студиски програми и наставниот, соработничкиот, административниот и помошниот кадар на факултетот.<br>Актот за регулирање е според правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје. | |
| **Прилози**<br>7.1.А. системот за прибирање и обработка на информации.doc<br>7.1.Б Акт за регулирање.doc | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Редовно се анализираат податоците преку системот на iKnow. Релевантните показатели за напредокот и успехот на студентите се редовните изложбени активности и дополнителните проектни активности со јавна презентација на истражувањето и изработени уметнички дела. Факултетот редовно ги следи успехот и стапката на отпишување на студентите, без дополнителни напори поради специфичноста на факултетот, односно работа во помали групи. Алумни и електронски сервис на библиотека е задача за во иднина.<br>Студентите и вработените преку системот за самоевалуација и интерните повремени анкети се дел од процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.<br>Комисијата за самоевалуација при ФЛУ, земајќи ги во предвид горепосочените сознанија, ги издвојува следниве заклучоци:<br>1. Обезбедување работни места за наставен, соработнички, стручен и помошен кадар.<br>2. Подобрување на условите за изведување настава во ателјеата и лабораториите, што подразбира просторно проширување, како и инсталирање на адекватна опрема за современа настава.<br>3. Изнаоѓање начин, во соработка со Министерството за образование и наука, за поефикасно располагање со сопствените средства, а со цел непречен тек на наставата (набавка на материјали и алатки, ангажирање на модели и сл.)<br>4. Конкурирање на меѓународни и национални проекти, како и продлабочување и проширување на соработката со домашни и меѓународни институции, организации и професионалци. | |
| **Прилози**<br>7.2.А. показатели на успехот ЗА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР 2023-24.xlsx<br>7.2.Б. показатели на успехот ЗА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР 2023-24.xlsx<br>7.2.В. Клучни показатели на успехот..doc<br>7.2.Г. системот за прибирање и обработка на информации.doc | |
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Факултетот за ликовни уметности води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | |
| **Прилози**<br>7.3. Информација за значајни настани, активности и процеси..doc | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

| | |
|---|---|
| дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | |
| Факултетот за ликовни уметности како интегрирана единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги почитува на законите на РС Македонија во делот на заштитата на личните податоци и сите подзаконски рамки кои ја третираат оваа област. Имено Универзитетот е Контролор на лични податоци, а Субјекти на лични податоци се кандидатите за запишување заради студирање на Универзитетот, лицата кои имаат статус на запишани студенти или некогаш во минатото имале таков статус, како и лица кои се или биле вработени на Универзитетот. Ова е регулирано со Процедура која ги опишува постапките за поднесување на барање од страна на субјектот на лични податоци за издавање на информации за обемот и целта на обработка на личните податоци од страна на Универзитетот, како и за промена, дополнување или бришење на дел од неговите лични податоци. На Факултетот има и Службено лице кое посредува при остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. | |
| **Прилози**<br>7.4.А. Безбедноста на информациите.doc<br>7.4.Б. Безбедноста на информациите.doc | |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Факултетот за ликовни уметности редовно објавува податоци за своите активности и студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата редовно се ажурираат и се лесно достапни. Факултетот редовно учествува на изложби, работилници на факултетот и надвор од него. Организира предавања, промоции, отворени денови и други вид на настани каде ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на факултетот се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | |
| **Прилози**<br>**8.1. Standard 8.docx**<br>Прилог 8.1.А..doc<br>Прилог 8.1.Б..doc<br>Прилог 8.1.В..doc | |
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. |

| | |
|---|---|
| | Етичкиот кодекс. |
| Факултетот за ликовни уметности објавува податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите. Објавените податоци се однесуваат и на документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.<br>Список на профатени теми за магистерски трудови, после секој ННУС од страна на раководител на Студентски прашања на ФЛУ, се испраќаат до Ректоратот на Универзитетот за објава во следен Билтен.<br>На Факултетот не постојат студиски програми од трет циклус на студии. | |
| **Прилози**<br>8.2.А. Статут на Факултетот за ликовни уметности.docx.doc<br>8.2.Б. Решенија за акредитација на Факултетот за ликовни уметности.docx.doc<br>8.2.В. Акт за систематизација на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.Г. Деловник за работа на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.Д. Правилник за плати на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.Ѓ. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник на ФЛУ.doc<br>8.2.Е. Распоред на работни задачи, 2023-2024 на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.Ж. Завршната сметка за 2023 година на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.З. Годишен извештај за 2023 година на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.Ѕ. Етички кодекс на Факултетот за ликовни уметности.doc<br>8.2.И. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови.jpeg | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Исходите од наставата на Факултетот за ликовни уметности во делот на научно-уметничката работа редовно се објавуваат на веб страната на факултетот во делот вести. Таму се сите релевантни настани кои се тесно поврзани со наставата и активностите на факултетот. | |
| **Прилози**<br>Прилог 8.3.doc | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Факултетот за ликовни уметности има дефинирани и утврдени процедури за мобилност на студентите и за истите добиваат насоки од координаторот за меѓународна соработка и мобилност. Факултетот обезбедува логистичка подршка на студентите кои се пријавиле за добивање на стипендија за академска мобилност. Факултетот е одговорен за евалуацијата на поднесените пријави, изработка на ранг листа на пријавените студенти согласно доставените документи и изготвување на документ за номинација на студентите – потенцијални корисници на стипендија за мобилност. Целиот процес се реализира во соработка со продеканот за настава и ЕРАЗМУС координаторот на факултетот. | |

Во академската 2023/24 година во рамките на ЕРАЗМУС + програмата за размена/ мобилност на студенти и наставен кадар биле номинирани двајца студенти од прв циклус студии:

1. Андреа Јовановиќ – Ликовна педагогија, летен семестар Academia di Belle Arti Macerata, Италија
2. Марија Ќурчиева – Сликарство, летен семестар Academia di Belle Arti Macerata, Италија

Процентуално учество на студентите кои оствариле мобилност во академската 2023/24 во однос на вкупно запишаните студенти изнсува 1.42%.

**Прилози**
СТАНДАРД 9 (9.1.А., 9.1.Б., 9.3., 9.4.А., 9.4.Б.).doc
9.1.В. Пример на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Во изминатата година на ниво на меѓународна соработка деканатот на Факултетот за ликовни уметности се потруди да воспостави нови и да ги оживее соработките со релевантни институции и субјекти. Реализирањето на предвидените активности и исполнувањето на индикаторите на полето на меѓународната соработка и интернационализација се следи редовно преку изготвување на годишен извештај за меѓународна соработка кој претставува интегрален дел од Годишниот извештај за работнењето на Факултетот за ликовни уметности.
Во рамките на факултетот не постои посебно тело кое е надлежно за извршување на функциите од областа на меѓународната соработка и интернационализација, бидејќи Факултетот за ликовни уметности функционира со минимален број на наставен кадар па затоа обврските, автивностите како и одлуките поврзани со меѓународната соработка и интернационализација ја спроведуваат деканот и продеканот за настава и продеканот за финансии, заедно со Деканската управа и Научно наставниот уметнички совет при ФЛУ кој исто така има назначено Комисија за еквиваленција (пренос на оценки) и член од наставниот кадар – Еразмус координатор, кој ја следи и координира мобилноста на студентите.

**Прилози**
9.2.А – Статут на УКИМ
9.2.Б – Акционен план УКИМ

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Факултетот за дел од проектните активности кои ги реализира како координатор/зема учество (ЕРАЗМУС+ и др), согласно правилниците на УКИМ се финансира преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за оваа намена се врши преку Ректоратот на универзитетот – интегриран универзитет до сите единки па и до Факултетот за ликовни уметности. Факултетот не е во можност да издвои финансиски средства наменети за меѓународна соработка поради ограничените средства кои ги поседува, а нема добиено средства за таа намена со аплицирање на меѓународни проекти. Сите меѓународни активности во кои учествува ФЛУ се на финансиски трошок на партнерските институции.

**Прилози**
Нема.

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилности и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); |

<table>
<tr><td></td><td>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Залагањата на Факултетот за ликовни уметности во изминатиот период беа насочени кон согледување и изнаоѓање на нови соработки со релевантни институции во нашата држава но и да ја продлабочи меѓународната соработка со високообразовните инстиуции со кои претходно постоеше долгогодишна соработка. Во насоките и фокусот на идните соработки се согледува можноста за заеднички студиски програми или курсеви со сродни институции од странство, можности за партнерски апликации на истражувачки и уметнички проекти, размена на изложби и практични искуства.<br><br>Во овој период се потпишаа неколку меморандуми за соработка во земјава и странство:<br>1. Национална установа за управување со археолошки локалитет Стоби – Градко<br>2. Националана и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“- Скопје<br>3. Еаст Гате Малл Дооел – подршка на проекти со претставување на уметнички дела во јавен простор<br>4. Факултет за ликовни уметности, Универзитет за уметност во Белград, Србија<br><br>Со Еразмус и билатералните договори се продолжија некои од договорите и тоа со:<br>1. Уметничка академија во Сплит, Хрватска<br>2. Accademia di Bella Arti Macerata, Италија<br>3. Jan Kochanovski University of Kielce, Полска<br>4. University of Primorska, vo Primorska, Приморска, Словенија<br>5. University West Atica, во Атина, Грција<br>Во подготовка се договори со Уметничката академијата во Рига, Латвија, Funtys School of Fine and Performing Arts, во Тилбург, Холандија, University of Ljubljana, Faculty of Education, во Љубљана, Словенија.<br><br>Во рамките на меѓународната соработка Еразмус + беше реализирана и посета во Атина, Универзитетот во западна Атика од страна на 4 професори на Факултетот за ликовни уметности Скопје.<br>Во рамките на Еразмус мобилност беше реализирана мобилност на асистентката м-р Ана Спасова во Уметничката академија во Сплит, Хрватска.<br><br>Заеднички програми со странски универзитети немаме, во почетна фаза се постапките за заедничка диплома со Универзитетот во западна Атика од Атина, Грција.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>9.4. Меморандуми за соработка<br>9.4.А. Табела<br>9.4.В. Листа од Еразмус + билатерални договори УКИМ<br>9.4.Г. Мобилност 1<br>9.4.Д. Мобилност 2</td></tr>
<tr><td>9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.</td><td>Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставниот кадар на Факултетот за ликовни уметности е активно и континуирано присутен на меѓународната уметничка сцена и со тоа вмрежувањето и привлекувањето на странски професори и стручњаци од праксата не преставува никаков проблем. Проблемот лежи во недостаток на финансиски средства кои ФЛУ би требало да ги има за таа намена. За жал факултетот заради трошоците кои ги има за хонорарните вработувања (наставен, соработнички, административен и помошен кадар), модели кои позираат за наставата по Цртање и други курсеви на сите катедри и набавките на материјали и опрема неопходни за настава, немаме средства за издвојување за визитинг професори, професори од странство за членови на магистерски трудови (покривање на патни трошоци). МОН уметноста не ја третира како наука, а Министерството за култура ги ограничува средствата на образовните институции на минимални суми. Освен поддршката од УКИМ факултетот нема средства за ваквите активности. Останува предизвикот факултетот да аплицира на меѓународни проекти и на тој начин да обезбеди средства од странските фондови.<br>Странски студенти почнуваат да покажуваат интерес за студирање на нашиот факултет особено со зголемените информации на веб страната, присуството на социјалните мрежи ФБ и инстаграм.</td></tr>
</table>

| **Прилози** |
| --- |
| Нема |

Прилог 10. ИЗЈАВА ОД ДЕКАН
Прилог 11. ОДЛУКА ОД ННУС на ФЛУ

3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
| --- |
| Во овој дел може да се доставaт дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |